**Известување за концентрација со која АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, Словенија стекнува самостојна контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о., Словенија**
**(предмет бр. 08-108/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.08.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија стекнува самостојна контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. со седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Концентрацијата се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на **АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о**, друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, над друштвото **ММ ОМИКРОН инвестициско друштво д.о.о.**, друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија преку купопродажба на удели.

**Алфи** е управител на алтернативни инвестициски фондови регистрирани во Агенцијата за пазар на хартии од вредност на Словенија. Алфи анализира (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициски фондови, додека самото управување со инвестиции е делумно пренесено на други друштва. Алфи управува со **Алфи РЕ**, СИС, кој е основан под називот АЛФИ РЕ, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

Алфи Групата има регистрирано присуство во Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано во наплата на долгови по вонсудски пат Главните активности на ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје се наплата и откуп на побарувања;
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**ММ Омикрон** е основано во 2006 година и е со седиште во Леше, Словенија. Главната дејност на ММ Омикрон се издавање и управување со сопствен или закупен недвижен имот. Фокусот на делувањето на Целното друштво е исклучиво на Словенија, и затоа Целното друштво не е присутно и нема приходи во ниту една друга земја.

Тековниот недвижен имот во сопственост на Целното друштво претставува малопродажен центар во Леше, Словенија. Просториите во малопродажниот центар (физички продавници) се издаваат на малопродажни синџири како што се Spar, Müller, Hervis, Mass, Kik и TEDi, како и на аптека (Gorenjske Lekarne) и на кафуле.

ММ Омикрон нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар за закупување и управување со недвижности со деловни простории наменети за малопродажба..

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како национален односно како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

19.08.2022 година, Скопје